Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**

Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак:
Рок на чување: год.
20 год.
Потпис,

# З А П И С Н И К
## за извршен инспекциски надзор
**Ип 1 бр. 57-60**
**Датум: 11.08.2023 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | | | |
| Седиште/адреса на субјектот | | | |
| Адреса за е-пошта | | | |
| Телефон | | | |
| Матичен број на субјектот | | | |
| Даночен број на субјектот | / | | |
| Број на жиро сметка на субјектот | / | | |
| Банка депонент | / | | |
| Одговорно лице на субјектот: | | | |
| Име и презиме: | | Телефон | Е-пошта |
| | | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 09.08.2023 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 9.30 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 11.08.2023 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 11.00 |
| Назив на објектот каде се врши надзорот | Службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во објект Нова Македонија | | |
| Главна дејност на субјектот на надзорот | / | | |
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: Налогот од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура бр. 57-60 од 08.08.2023 г., а во врска со анонимната Иницијатива заведена во Министерството за култура под ИП1 бр. 57-47 од 27.06.2023 година, во којашто е наведено дека Државното музичко училиште „Тодор Скаловски Тетоец" организирало концерт во Центарот за култура во Тетово на 01.06.2023 г. насловен како „Концерт со млади таленти" (приложена и програма која, според Иницијативата „е официјално објавена од ДМУ"), на којашто настапиле само ученици од ДМУ, но дека на друг плакат којшто Центарот за култура го објавил на својата фејсбук страница е наведено дека на концертот ќе настапат млади таленти од градот и ДМУ, како и дека за организација на „Концертот со млади таленти", г. [redacted] добил 102.000 денари од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура. Надзорот е предвиден и во Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ за месец август 2023 година, бр. 57-188/8 од 04.08.2023 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: [redacted] виш инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура **(во натамошниот текст: СУИН на МК).**

5) Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е спроведувањето на обврските од член 68 од Законот за културата, односно наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК за реализација на проектот „Концерт со млади таленти" (авансно преведени **80.000** денари од вкупно доделените 102.000 денари), согласно со Договорот бр. 21-2482/1 од 08.03.2023 г., како и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК, да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација.

**Основ**: член 82 став (1) и член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) и член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" бр. 102/2019)

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што е во прашање вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзорот беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| [redacted] | [redacted] | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не беа присутни други лица.

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) При инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

10.1.- По поднесената Пријава бр. УП1 2501/2022 од 24.11.2022 г. на годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2023 г. од областа на музичката и музичко-сценската дејност, со Решение на министерот за култура УП1 бр. 2501/2022 од 15.02.2023 г., прифатен е проектот на [redacted]: „Концерт со млади таленти", а за негова реализација доделени се средства во износ од 102.000 денари.

- Врз основа на Решението на министерот за култура, склучен е Договор бр. 21-2482/1 од 08.03.2023 г., со којшто одобрени се средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во вкупен износ од **102.000 денари**, наменети за реализација на „Концерт со млади таленти" и тоа за следните намени: трошоци за звук, осветлување, изнајмување сала, хонорар. [redacted] доставил Барање за преведување на средства за проектот, заведено во МК под бр. 21-2482/2 од 23.03.2023 г., со Оперативен и финансиски план за користење на одобрените буџетски средства (со намена за озвучување - 140.000 денари, осветлување на сала – 6.000 денари, изнајмување на сала за приредба – 7.000 денари, хонорари за соработниците на проектот – 50.000 денари и хонорар за носител на проектот – 32.000 денари), како и Изјава за наменско користење на средствата.

- Врз основа на Решение за преведување на средства бр. 21-2482/3 од 08.06.2023 г., МК превело на Авторската агенција „Веда" - Скопје 82.000 денари, по што Агенцијата, по одбивање на персонален данок и провизија, на трансакциската сметка на [redacted] во ТТК Банка А.Д.-Скопје му исплатила нето износ од **73.417** денари.

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

10.2.- Согласно со обврската од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 9 став (1) од Договорот со МК, на соодветен образец до МК да биде доставен наративен и финасиски извештај за реализацијата на проектот, при надзорот е утврдено дека [redacted] доставил Наративен и финансиски извештај којшто во МК е заведен под бр. 21-6871/1 од 06.07.2023 година, со пропратна документација (фотографии од концертот, плакат, фактури, договори, извод од трансакциска сметка).

10.3.- Според изјавата на присутното лице [redacted], презентираната фото документација, пропаганден материјал, како и изјавите на директорите на НУ Центар за култура „Ињо Антески Смок"-Тетово и на ДМУ „Тодор Скаловски Тетоец", проектот „Концерт со млади таленти" е реализиран на 01.06.2022 г. со одржување концерт во големата сала на Центарот за култура во Тетово. Според изјавата на [redacted] на концертот, којшто тој го организирал пред бројни гости во преполната сала (што е видно и од фотографиите од настанот), не настапиле само ученици од ДМУ „Тодор Скаловски Тетоец", туку и членови на КУД „Целадин Зеќири" од Тетово и други деца од градот Тетово, како и [redacted] како солист. Според него, ДМУ „Тодор Скаловски Тетоец" концертите само на свои ученици секогаш ги организира во салата во училиштето, а не во големата сала на Центарот за култура.

Според изјавата на директорот на ДМУ „Тодор Скаловски Тетоец", [redacted] дадена при надзорот, воопшто не се точни наводите во анонимната Иницијатива дека „Државното музичко училиште Тодор Скаловски Тетоец организираше концерт со истакната ученици од основното училиште, насловен како Концерт со млади таленти во Центарот за култура во Тетово на 01.06.2023 година" и дека „програмата на концертот официјално е објавена од ДМУ". Според него, ДМУ не го организирало концертот, тој немал контакти со Центарот за култура во чијашто голема сала е одржан концертот и со кого [redacted] склучил договор за изнајмување, па дури не ни присуствувал на концертот, бидејќи бил зафатен со други обврски. За постоење на некаков плакат со програма на концертот немал никакви информации, така што не е точно дека „програмата била официјално објавена од ДМУ", како што е наведено во анонимната Иницијатива. Инаку, цел месец пред одржувањето на концертот, тој од страна на организаторот [redacted] бил запознаен за одржување на настанот и лично ја поддржал идејата на него да настапат ученици од ДМУ, пред се од аспект на афирмацијата којашто училиштето ќе ја добие со концерт во големата сала на Центарот на култура (пред бројна публика, но и со медиумската покриеност на

настанот), а истовремено и од аспект на искуството што со настап пред полна сала во Центарот на култура ќе го стекнат учениците во ДМУ, а што ќе биде од корист во нивното натамошно музичко школување и кариера.

Исто така, според изјавата на директорот на НУ Центар за култура „Иљо Антески Смок"-Тетово, , концертот го организирал  со којшто установата склучила договор за изнајмување на големата сала, како и дека „Концертот со млади таленти" предизвикал голема заинтересираност кај публиката, поради што и салата била полна.

- Трошењето на авансно преведените средства за реализација на проектот, во износ од **82.000,00 денари**, како и ненамирените обврски се прикажани во следната табела:

| Р.бр | Доверител | Намена | Трошоци | Обврски | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | Изнајмување на големата сала во Центарот за култура | 7080 | | -Исплатено по Договор бр. 0307-204/1 од 25.05.2023 г. и Фактура бр. 024 од 25.05.2023 г.<br>- Банковен извод од 21.06.2023 г. |
| 2. | | Изнајмување на систем за озвучување на ден 01.06.2023 г. | 7.000 | | -Исплатено по Фактура бр. 34/2023 од 02.06.2023 г.<br>- Банковен извод од 21.06.2023 г. |
| 3. | | Хонорар за соработник-подготовка на концертот | 25.000 | | -Исплатено по Договор од 01.04.2023 г.<br>- Банковен извод од 21.06.2023 г. |
| 4. | | Хонорар за соработник-аранжман на песни | 15.000 | | -Исплатено по Договор од 01.04.2023 г.<br>- Банковен извод од 21.06.2023 г. |
| 5. | | Хонорар за носител на проектот | 19.337 | 8.000 | Задржан дел од преведни средства од Агенција „Веда" на сопствена трансакциска сметка |
| 6. | | Изнајмување и поставување на опрема за осветлување | | 6.000 | Ненамирена обврска по Фактура бр. 2023-379 од 03.07.2023 г. |
| 7. | | Хонорар за соработник-подготовка и учество како соло пејач | | 6.000 | Ненамирена обврска по Договор 01.06.2023 г. од 03.07.2023 г. |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. [redacted] | Агенциска провизија | 8.583 | | Задржан износ за персонален данок и агенциска провизија од страна на Агенција „Веда“ |
| **Вкупно:** | | **82.000 денари** | **20.000 денари** | **Преостаната обврска од МК: 20.000 денари** |

**Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор констатирано е дека:**

- **[redacted] го реализирал проектот „Концерт со млади таленти“, а авансно преведените средства од Министерството за култура во износ од 73.417 денари (нето, односно 82.000 денари бруто) ги потрошил наменски, согласно со намените предвидени во Оперативниот и финансиски план, како составен дел на Договорот со МК. При надзорот се констатира дека МК, согласно со Договорот има преостаната обврска кон [redacted] во износ од 20.000 денари за намирување на наменски преземените обврски за реализацијата на проектот.**

- **[redacted] доставил до Министерството за култура Наративен и финансиски извештај за реализација на проектот, за потрошениот прв дел од средствата, како и за преземените обврски согласно со Договорот, заведен во МК под бр. 21-6871/1 од 06.07.2023 година, со пропратна документација (фотографии од концертот, плакат, фактури, договори, извод од трансакциска сметка).**

**Оттука, имајќи предвид дека врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор од аспект на примена на член 68 од Законот за културата, инспекторот ја запира постапката во согласност со член 83 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

Записникот од извршен вонреден инспекциски надзор ИП 1 бр. 57-60 од 11.08.2023 г. ќе биде доставен до Секторот за дејности од областа на културата и уметноста во МК, на увид и натамошно постапување.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ забелешки.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот: Нема.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br><br>виш инспектор | |
| Датум: | 11.08.2023 г. | Датум: | 11.08.2023 г. |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk